## Брендот EVN Македонија

Во септември 2008 година нашето лого EVN Македонија се воведе во целото претпријатие.

Брендот EVN ја рефлектира уште поголемата сервисна ориентараност кон корисниците на нашите услуги. Тој ги олицетворува вредностите безбедност, доверливост, услуга, рационално енергетско работење и особено блискоста со потрошувачите преку 19 регионални Кориснички Енерго Центри.

Промената од ЕСМ во EVN Македонија се совпаѓа со воведувањето и финализирањето на нашите важни интерни постапки.

Во потполна согласност со нашето мото „Секогаш тука за Вас", сакаме уште повеќе да истакнеме, дека нашето претпријатие е дел од EVN Групацијата и ние како снабдувач и производител на електрична енергија ги покриваме потребите на нашите корисници на најдобар можен начин. Фактот што сме дел од ова големо семејство ни овозможува да работиме според најмодерните стандарди на Групацијата, а искуството кое го разменуваме со нашите колеги го спроведуваме во секојдневната пракса.

Ние, субјект кој делува во рамките на македонското општество, секогаш постапувавме и ќе постапуваме разумно, одговорно и нема да отстапиме од нашите напори за подобар квалитет на животот и долгорочен развој.

EVN Македонија АД, Скопје
11 Октомври бр. 9

Телефони:
за информации: 0890 12345
за дефекти: 0890 88888
info@evn.com.mk

www.evn.com.mk

I издание, 10 2008



# Енергијата е незаменлив дел од животот

## Секогаш тука за вас

EVN
macedonia

# Профил на компанијата

EVN Македонија АД е компанија за дистрибуција и за снабдување со електрична енергија и со истата поврзани услуги во Македонија.

Наша цел е на најдобар начин да ги исполниме очекувањата и потребите на нашите клиенти и со тоа да придонесеме кон подобрување на нивниот стандард на живеење. Ние сме подготвени на идната конкуренција да и се спротивставиме со конкурентни производи, со што ќе го обезбедиме опстанокот на нашата компанија. На нашите 720.000 потрошувачи во Македонија им нудиме сигурно снабдување со електрична енергија по поволна цена.

EVN Македонија АД е 90% во сопственост на EVN AG, австриско претпријатие за снабдување со електрична енергија и за услуги поврзани со животната средина а 10% во сопственост на Р. Македонија.

## Корпоративна изјава

Нашата компанија е дел од EVN-групацијата и ние, како снабдувач и производител на електрична енергија, ги задоволуваме потребите на нашите потрошувачи во Македонија. Покрај тоа, активно го поддржуваме развојот на други деловни полиња на EVN-групацијата во нашата земја.

Наша цел е да станеме водечка компанија во Македонија, а во рамките на EVN-групацијата да дадеме соодветен придонес. Со нашите дејствувања и услуги сакаме да придонесеме кон општествен и економски развој на нашата земја и сосема сме свесни за нашата социјална одговорност. Грижливото внимание на етичките начела и исполнувањето на сите правни норми за нас се подразбираат.

Задоволни потрошувачи стојат во центарот на нашето дејствување: ние ги третираме сите клиенти фер и еднакво. Сакаме за нашите потрошувачи да постигнеме висока снабдувачка сигурност и квалитет и истите да ги гарантираме со конкурентни цени.

Понатамошното стручно и лично дошколување и понатамошниот развој на нашите вработени ни е исто така важна желба. Добр近обучени и мотивирани вработени се потребниот предуслов за заеднички и ефикасно да ги исполниме барањата на нашите клиенти. Нашите вработени секогаш постапуваат одговорно, како спрема потрошувачите така и спрема колегите и компанијата.

